Архивски број: 08-171/9
05-07-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-171/1 од 16.03.2022 година, поднесена од Синдикат на полицијата во Македонија против Министерот за внатрешни работи, [redacted] за сторена дискриминација врз основ на членување во синдикат во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 04.07.2022 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ Е УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз Синдикат на Полиција во Македонија врз основ на членување во синдикат во областа на работа и работни односи од страна на Министерот за внатрешни работи, [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 16.03.2022 година Синдикатот на Полиција во Македонија (СПМ) поднесе Претставка бр. 08-171/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).

Во претставката подносителот навел дека од страна на Министерот за внатрешни работи, [redacted], бил раскинат договорот за запирање на дел од плата на вработените во Министерството за внатрешни работи (МВР) членови на горенаведениот синдикат, по основ на членарина, а кој договор бил склучен на 02.06.2020 година помеѓу синдикатот и претходниот министер за внатрешни работи. Дополнително на тоа подносителот на претставката навел дека за другите два синдикати во рамки на МВР, запирањето на дел од плата по основ на членарина на нивните членови се одвива непречено, за што кон претставката приложил и докази.

Според подносителот со така настанатата ситуација и воспоставена пракса, всушност се правел обид од страна на Министерот за внатрешни работи да се згасне постоењето на Синдикатот на Полицијата во Македонија.

Комисијата на 30.03.2022 година со Известување бр. 08-171/2 ја достави претставката до Министерството за внатрешни работи, со цел лицето против кое е поднесена истата, да се изјасни по наводите содржани во неа, во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Министерството за внатрешни работи достави известување до Комисијата, на 15.04.2022 година, во кое како изјаснување истакнува дека договорот за запирање на дел од плата за членовите на СПМ по основ на членарина бил раскинат еднострано, од причини што не бил во согласност со одредби од Законот за влада, односно дека бил склучен во период на постоење на техничка Влада заради одржување на парламентарни избори во 2020 година. Според нив, таквиот договор требало да биде потпишан, покрај од тогашниот министер и од дополнителниот заменик министер за внатрешни работи.

Како дополнителни наоди кон претставката, подносителот достави и копии од писмени барања на СПМ до Министерот за внатрешни работи, [redacted] за остварување на средба и надминување на проблемот со запирањето на дел од платите на членовите на синдикатот по основ на членарина. Во барањата подносителот барал да се пристапи кон склучување на нов договор за горенаведената работа.

Комисијата ценејќи ги наводите истакнати од подносителот на претставката и наводите од изјаснувањето на потенцијалниот сторител на дискриминацијата, утврди дека тврдењето за сторена дискриминација е веројатно, па од тие причини согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи писмено да се обрати до потенцијалниот сторител со цел истиот да докаже дека не е сторена дискриминација.

Имено, Комисијата за веројатен го прифати фактот што со Синдикатот на Полицијата во Македонија, од изнесеното, се постапува понеповолно во однос на останатите два синдикати во рамки на МВР, односно дека со вработените лица во МВР кои членуваат во СПМ се постапува понеповолно во однос на останатите вработени кои се здружени и членуваат во Македонскиот полициски синдикат и Гранскиот Независен Синдикат на Полицијата, во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Оттука, Комисијата до потенцијалниот сторител, на 26.04.2022 година достави Барање за податоци бр. 08-171/4, за тоа дали по раскинувањето на горенаведениот договор, се врши запирање на дел од платите на членовите на синдикатот по основ на членарина, како и дали се преземаат дејствија за регулирање на меѓусебните односи на СПМ со МВР по основ на членарината.

Дополнително на тоа, Комисијата до Министерството за внатрешни работи достави и Известување за вршење на увид и барање на податоци бр. 08-171/6 на 11.05.2022 година.

Врз основа на тоа, Министерството за внатрешни работи на 23.05.2022 година, достави Известување бр. 08-171/7 до Комисијата, во кое наведува дека во дадениот момент не се врши запирање на дел од платите на членовите на СПМ по основ на членарина, но дека интензивно се работи на изнаоѓање на соодветно решение за надминување на настанатата состојба. Комплементарно на тоа дека во моментот тековно се преземаат дејствија за надминување на состојбата, Министерството за внатрешни работи на 27.06.2022 година со Известување бр. 08-171/8 ја информира Комисијата дека е доставено известување акт бр. 13.1.1-62745/1 од 16.06.2022 година до СПМ со цел подготовка на текст на договор и усогласување на ставовите по прашањето за запирањето на дел од платите по основ на членарина.

Согласно наведеното Известување на МВР бр. 13.1.1-62745/1 од 16.06.2022 година, СПМ на 27.06.2022 година како одговор доставил допис до МВР, заверен под архивски број на МВР 08-65623/1, со кој допис доставиле и три примерока од предлог на договор за регулирање на меѓусебните односи во врска со запирање на дел од платите на членовите на СПМ по основ на членарина.

Комисијата, имајќи ги во предвид гореизнесените факти, ги ценеше наводите во претставката на подносителот СПМ, како и изнесените факти и околности од страна на МВР, по што заклучи дека тековно се спроведуваат активности и се преземаат дејствија од двете страни за надминување на состојбата со синдикалната членарина и регулирање на односите помеѓу СПМ и МВР.

Следствено на тоа, Комисијата утврди дека така преземените дејствија, водат кон утврдување на фактичка состојба врз основа на која во дадениот момент не може да се заклучи дека постои дискриминација согласно член 6, односно директна дискриминација во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата го цени фактот што двете страни, Синдикатот на Полицијата во Македонија и Министерството за внатрешни работи, се активно вклучени во процес на договарање со цел регулирање на меѓусебните права и обврски во однос на синдикалната членарина и на тој начин всушност се обезбедува еднаков третман на сите синдикати во рамки на Министерството.

Меѓутоа, Комисијата, исто така забележува дека процесот на регулирање на меѓусебните односи треба да се одвива во согласност со принципот на добра волја и дека еднаквиот третман подразбира ефективно спроведување и почитување на меѓусебните права и обврски.

Оттука, Комисијата напоменува дека постапка за заштита од дискриминација врз основа на истите наводи, може да се покрене и со друга претставка, доколку бидат изнесени, односно понудени нови факти и околности.

Од гореизнесените причини, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
04.07.2022 година

Претседател на Комисија за
спречување и заштита од
дискриминација,
м-р Кире Василев

*Доставено до:*

- *Министерство за внатрешни работи*
- *Синдикат на Полиција во Македонија*
- *Архива на КСЗД*